Број 104 Maj 2021

# S-WORK






Уште една победа на сексуалните работници:

# ОКРУЖНИОТ ОБВИНИТЕЛ ВО МЕНХЕТАН ОДБИ ДА ГИ ГОНИ ЛИЦАТА ОБВИНЕТИ ЗА ПРОСТИТУЦИЈА

Пред неколку недели, Окружниот обвинител на Менхетн, г-дин Си Венс изјави дека неговата канцеларија одлучила да престане да ги гони лицата обвинети за проституција и нелиценцирана масажа. Ова беше вест која глобално се прошири и се истакна како уште една победа на сексуалните работници. И навистина ова е голема промена, со оглед на тоа што иницијативите во минатото, ретко резултирале со позитивен исход во полза на сексуалните работници. Си Венс го направи овој револуционерен чекор согласувајќи се да отфрли 914 случаи на проституција и нелиценцирана масажа кои треба да ги гони по службена должност.

Во својата изјава до јавноста тој истакна: „Во текот на последната деценија научивме од искуството на терен дека кривичното гонење на проституцијата не нè прави побезбедни, и премногу често, постигнуваме спротивен резултат со понатамошно маргинализирање на најранливите жители на Њујорк “.

Политиката на Венс можеби звучи револуционерно на хартија, но всушност е само продолжување на трендот што веќе беше во тек. Од 2016 година, окружните обвинители главно одбива да ги гонат лицата уапсени под обвинение за проституција. Наместо тоа, канцеларијата ги обврзуваше лицата обвинети за продавање секс да поминат низ пет задолжителни советодавни сесии во замена за повлекување на обвиненијата.

Новата политика на Венс, сепак е за одреден степен уште похумана за сексуалните работници. Наместо да бара од обвинетите да одат на советување во замена на отфрлање на нивните обвиненија, канцеларијата ќе им нуди услуги на доброволна основа. Венс верува дека промената ќе ги охрабри сексуалните работници повеќе да не се плашат од гонење, да пријавуваат напади и малтретирање од страна на макроа или клиенти, или пак случаи кога се жртви на сексуална трговија, но и злоупотреба од страна на службени лица кои ги искористуваат наместо да го спроведуваат законот.

Веста беше поздравена од поборниците за правата на сексуални работници, кои истакнаа дека правата на црните, источноазиските жени и девојчиња, имигрантите и ЛГБТИ лицата биле неправедно повредувани од овие закони во минатото.






На денот на трудот потсетуваме дека:

# И СЕКСУАЛНАТА РАБОТА Е РАБОТА!

Сексуалната работа е славно наречена најстара професија, но добива многу малку почит. Сексуалните работници, каде и да работат - во спалните соби, салоните за масажа, на улица, пред камера или танцувајќи на сцена - внесуваат вештина, генијалност, креативност и искуство во нивната работа. Сепак, сексуалните работници/-чки најчесто се предмет на објективизација или пак се етикетираат како предавници на феминистичката кауза. Она што јавноста, медиумите и креаторите на политики не го прават никогаш е да гледаат на сексуалните работници како работници.

Но, сексуалната работа не е толку различна од другите форми на труд - особено трудот традиционално поврзан со жени - што општеството секогаш го девалвира. Сексуалните работници ги користат нивните тела и сексапил на работа, но тоа не се однесува единствено само за сексуалната работа. Келнерките, манекенките, хостесите и лицата задолжени за односи со јавност исто така го користат својот шарм и убавина за подобра заработувачка.

Стигматизацијата, дискриминацијата и маргинализацијата се лоши услови за работа. Жените, мажите и трансродовите лица кои работат во сексуалната индустрија честопати се подложни на злоупотреба, насилство и експлоатација. Сексуалната работа е и опасна работа, а ова се должи на самата природа на работата.

Со цел да се обезбеди еднаква заштита на сексуалните работници за нивните човекови, граѓански и работнички права кои ги уживаат другите граѓани и работници, треба да го оспориме и да се спротиставиме на самиот принцип на регулирање на сексуалната работа како кривично дело. Сексуалните работници треба да имаат право на слободен избор на работа, право на безбедни услови за работа, право да бидат заштитени од насилство и злоупотреба, право на здружување, како и секое друго право од општо прифатените работнички и човекови права. Ова не е можно сè додека државите не ја сметаат сексуалната работа како работа, туку едноставно како незаконска или криминална активност.



# Кога сексуалната работа е **работа од соништата**

Уште кога Сејди Лун била во средно училиште, нацртала цртеж преку кој покажува што сака да биде кога ќе порасне. Таа сè уште го чува тој избледен цртеж, нацртан со молив, на кој се прикажува себеси и нејзините најдобри пријателки во најблискиот бордел.

„Не мислам дека е премногу често некој да фантазира да работи како сексуална работничка“, вели таа. „Но, јас не сум единствената личност што размислувала за оваа професија како нешто што е многу привлечно и интересно”.

Сејди реши да зборува отворено на оваа тема бидејќи сака да влијае врз стигмата околу најстарата професија во светот. Таа вели дека сексуалната работа е иста како и секоја друга работа, единствената работа што и пречи е тоа што оваа работа луѓето не ја ценат. Исто така, таа би сакала луѓето да знаат дека е задоволна од избраната професија.

Иако со години размислувала на темата, сепак на почеток и било страв да се занимава со нешто што е нелегално. „За разлика од другите девојчиња на моја возраст, кои сексот го гледаа романтичарски, јас поинаку размислував и го гледав како начин на заработувачка и задоволство“. Нејзините желби се оствариле кога запознала пријателка која работи како стриптизета во еден стриптиз бар. На 19 години започнала со работа како стриптизета, а подоцна работела и како ескорт девојка, доминаторка, па се до порно глумица.

Сејди не се вклопува во ниту еден класичен стереотип за сексуалните работнички. Таа е израсната во семејство од повисока средна класа во Америка. Кога започнала да работи како стриптизета, таа им кажала за тоа на своите родители. Иако тоа бил долг процес на прифаќање, сепак нејзините родители научиле да го почитуваат нејзиниот избор.

Денес, нејзиниот бизнис претежно вклучува надворешни повици, што значи дека оди кај клиент во хотел или во неговиот дом. Нејзиниот бизнис многу не се разликува од другите бизниси. Таа објавува огласи на Интернет, одржува контакти со редовни клиенти и води евиденција за финансиите. Повеќе од сè, вели таа, рекламирањето е клучно за добивање клиенти кои ќе бидат задоволни од она што таа ќе го понуди.

Таа сака да ја демистифицира својата професија затоа и отворено зборува на темата. „Јас сум сексуална работничка затоа што го сакам тоа и затоа што не можам и не сакам да работам канцелариска работа, но тоа не значи дека треба да имам помалку права од оние кои работат во канцеларија“.

Таа исто така сака луѓето да разберат дека сексуалните работници имаат познавање во врска со најдобрите начини за заштита од сексуално преносливите болести отколку повеќето луѓе. Но, и дека сексуалните работници имаат стекнато добри вештини за комуникација, емпатија и емоционална интимност.



# ЗОШТО ЖЕНИТЕ ПРОДАВААТ, А МАЖИТЕ КУПУВААТ СЕКС?

## Двете страни на приказната

Што ги тера мажите да плаќаат, а некои жени да продаваат сексуални услуги? Во овој текст можете да ги прочитате двете страни, каде анонимни личности ги раскажуваат своите приказни од двете различни перспективи.



# Жена

## (од перспектива на сексуална работничка)

Морам да истакнам дека пораснав во добростоечко семејство. Имав повеќе можности и привилегии во споредба со повеќето мои врсници, но разводот на моите родители во мојата прва година на факултет целосно ме помести од тлото и целосно ме оттргна од општеството и моите врсници.

На почетокот на зависноста со крак се заколнав себеси дека никогаш не би продавала секс за пари. За жал, бев многу наивна и неинформирана за прогресијата на зависноста и сѐуште не знаев до каков очај може да ме донесе.

Не се сеќавам на мојот прв пат, но се сеќавам на многу други. Имав секс со дури 12 мажи на ден. Најпрометните периоди беа раните утрински часови кога мажите во деловни костуми одеа на пат кон работа или за време на ручекот кога можеа да излезат од работа.

Почнав да наплатувам од 90 до 120 фунти и бидејќи бев доволно млада и убава, можев да ја зголемам цената. Секогаш во паметот ми беа парите и секогаш се обидував да привлечам повеќе мажи. Не губев време разговарајќи со мажите. Жал ми е што го кажувам ова, но често имав незаштитен секс и навистина му благодарам на Бога што никогаш не фатив никаква сексуално преносива болест.

Сега сум шест години чиста и повеќе не размислам на дрога, но повторно ме привлекува помислата да се вратам во сексуалната работа. Нешто во врска со помислата дека човек ми плаќа да имам секс ме возбудува премногу. Наместо тоа, сега имам здодевен живот и здодевна работа и од време на време му раскажувам на сопругот приказни за различни клиенти, со што си го зачинувам сексуалниот живот.



# Маж

## (од перспектива на клиент)

Бев 34-годишна девица кога првпат посетив сексуална работничка. Отсекогаш сум бил срамежлив и малку компјутерски фрик, па така некако ги пропуштив можностите на училиште и на факултет кога можеби можев да го започнам мојот сексуален живот. Откако дипломирав, се вработив во ИТ компанија, полна со други сингл мажи, претежно компјутерски фрикови. Дури кога наполнив 30 години, почнав да се грижам за другите работи што недостасуваат во мојот живот. Во тој момент, мојата возраст и немањето искуство ми претставуваа голем товар. Бев во искушение со некои девојки кои ги запознав преку Интернет, но знаев дека секоја што би ја запознал ќе биде поискусна од мене и тоа ми претставуваше голем проблем.

Веб-страниците и форумите се она што јас најдобро го знам, па така не ми требаше многу време да најдам форуми каде се пишува за девојките за придружба. Внимателно истражував, прочитав за добрите и лошите страни, за ризиците, како и за заштитата на здравјето. Изнајмувањето на придружнички звучеше оригинално, дури и релативно нормално, па така се одлучив да ја изгубам невиноста со девојка за придружба.

Избрав позрела жена бидејќи чувствував дека ќе ми биде полесно да го признаам своето неискуство пред позрела личност. Мојот перформанс беше како што може да се очекува од прв пат, но таа беше симпатична и полна со разбирање. Таа не гледаше на часовникот и јас уживав во нејзиното друштво исто како и сексуалната активност. Заминав со чувство на олеснување дека повеќе не сум девица.

Во издание на:

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

СТАР

Поддржано од:

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Ставовите изнесени во S-Work не нужно ги изразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје или на Фондација Отворено општество - Македонија.